*Акционерско друштво во државна сопственост*
*за вршење на дејноста давање услуги во*
*воздухопловната навигација*

*Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e*
*veprimtarisë  dhënie të shërbimeve të navigacionit ajror*

„М-НАВ“ А.Д. - СКОПЈЕ

# Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јануари – март 2023 година

Јули, 2023 година

“Босфор“ Бр. 7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100   Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

“Bosfor“ Nr. 7,Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë  së Veriut
Tel: +389 2 3148100   Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ

**Опис на документот:** Тримесечен извештај за работата на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, во кој се резимирани активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во периодот од 01.01 – 31.03.2023 година, а истиот вклучува Резиме на активностите на Друштвото во извештајниот период, Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи со пресек 26.05.2023 година, како и Компаративна анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за првото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година.

**Наслов**

**ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА „М-НАВ“ А.Д. - СКОПЈЕ**

**ЈАНУАРИ - МАРТ 2023 ГОДИНА**

| | |
|---|---|
| **Референтен број**: МНВ-810-103.06 | **Издание број**: 1.0<br>**Дата**: 12/07/2023 |

**Извадок**:

“Во првото тримесечје од 2023 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје реализира за 14,79% помалку расходи во однос на планираните за извештајниот период”...

**Клучни зборови**:

Планирани приходи, планирани расходи, реализирани приходи, реализирани расходи, вкупни приходи, вкупни расходи.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Статус на документот:** | Работна верзија | | **Класификација:** | Интерен документ | |
| | Конечна верзија | √ | | Јавен документ | √ |
| | Објавено издание | | | Доверлив | |

| | |
|---|---|
| **Локација:** | **Скопје** |

## **ПРИФАЌАЊЕ НА ДОКУМЕНТОТ**

Во следната табела се наведени авторите и лицата кои го изготвиле/провериле/одобриле овој документ

| **Функција** | **Име, презиме и потпис** | **Дата** |
|---|---|---|
| Изработил | Игор Андреевски<br>Самостоен советник за контрола на буџет | |
| Проверил аспект - квалитет | Леонора Шаља<br>Шеф на Отсек за квалитет – безбедност во Одделение за безбедност, обезбедување и квалитет | |
| Ревидирал аспект - усогласеност | Валентина Димевска<br>Раководител на Одделение за внатрешна ревизија | |
| Одобриле | Fahrudin Hamidi<br>Претседател на Управен одбор и Извршен Директор во Секторот за воздухопловна навигација<br><br>Љубе Стаменковски<br>Член на Управен одбор и Извршен Директор во Секторот за воздухопловна техника<br><br>Migjen Salmani<br>Член на Управен одбор и Извршен Директор во Секторот за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции | |

**Содржина**

1. Резиме на активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за првото тримесечје од 2023 година....................................................................................................5

2. Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за првото тримесечје од 2023 година..........................................................8

3. Анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за првото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година....................................................................................................12

4. Информација за финансиското работење на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за првото тримесечје од 2023 година...........................................................................19

# 1 Резиме на активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за првото тримесечје од 2023 година

- Сообраќајот во првото тримесечје во 2023 година бележи пораст надминувајќи го оптимистичкото позитивно сценарио на Eurocontrol. Доколку продолжи овој тренд на раст на воздушниот сообраќај ќе има позитивно влијание и на приходите на Друштвото во текот на 2023 година.
- Во согласност со Договорот за заем, Оп. Бр. 53184 склучен со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) на 29.07.2022 година со кој се овозможи континуитет во реализацијата на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација првично започнат во рамки на Договорот за заем склучен со ЕБОР на 23.09.2013 година, на ден 13.02.2023 година склучен е Договор за грант со ЕБОР за техничка соработка за надградба на АТМ системот во Република Северна Македонија во вкупен износ од 406.000,00 еур кој ќе се користи наменски за реализација на следните договори за консултански услуги кои ќе се склучат по спроведени постапки за набавка во согласност со Политиките и правилата за набавка на ЕБОР и тоа:

- Договор за консултантски услуги за асистенција на проектната единица за имплементација на Договорот за заем склучен на ден 29.07.2022 година со ЕБОР, Оп. Бр. 53184 (PIU Assistance Consultant) во износ кој не надминува 170.000,00 еур при што во извештајниот период сеуште траеше постапката за набавка.
- Договор за консултантски услуги за техничка поддршка за обука на контролори на летање (SECSI FRA) во износ кој не надминува 162.000,00 еур при што во извештајниот период се координираше со ЕБОР изготвувањето на тендерската документација.
- Договор за консултантски услуги за поддршка на изготвување на Безбедносен случај (Safety Case) во износ кој не надминува 74.000,00 еур при што во извештајниот период се координираше со ЕБОР изготвувањето на тендерската документација.
- До Владата на Република Северна Македонија проследена е Информација за склучување на Договорот за грант со ЕБОР.

* Селектираните 8 (осум) кандидати за стекнување на дозвола за Аеродромска контрола на летање ја започнаа теоретската и практичната обука во школскиот центар GATE Aviation Training APS во Данска, се очекува успешно да ја завршат истата и да се продолжи со понатамошна обука на работното место.
* Управниот одбор одржа неколку состаноци со репрезентативните синдикати при „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во насока на изнаоѓање на решение за надминување на разликите во однос на барањата кои се поставени од синдикатите.
* Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација кој започна согласно Договорот за заем склучен со ЕБОР на 24.09.2013 година, продолжи со реализација во рамките на новиот Договор за заем склучен со ЕБОР на 29.07.2022 година при што:

- Во однос на Договорот за набавка, инсталирање и пуштање во работа на АТМ систем вклучувајќи и техничко-оперативна сала за истиот кој е потпишан на 14.12.2018 година во извештајниот период се продолжи со активностите за испорака на новиот АТМ систем, т.е. подготовка на потребната извозно-увозно документација, а истовремено се продолжи и

со активностите за реализација на усогласените мерки кои треба да се извршат за финализирање на минорните забелешки од Factory Acceptance Test (FAT). Во однос на делот од договорот кој се однесува на изградба на техничко-оперативната зграда, и покрај интензивните и исцрпни преговори со добавувачот, консултантот Egis Avia и ЕБОР во текот на целата измината година заради усогласување на проценетите дополнителни трошоци од страна на добавувачот за реализација на зградата кои се должат на констатирани разлики и дополнителни барања во повеќе аспекти на Основниот проект во однос на Идејниот проект за изградба на техничко оперативната зграда, финалните преговори се одржаа во Скопје на 24.01.2023 година. На овие преговори од страна на добавувачот беше побарано исклучување на градежните активности за изградба на АТМ зградата како и CWP конзолите од Договорот како резултат на неможноста на нивниот подизведувач за градежни работи да ја изградат зградата дури и по договорените дополнителни трошоци од 748.000,00 еур поради драстичниот пораст на цените и недостигот на материјали предизвикани со пандемијата и војната во Украина. Оттука, по извршени интензивни консултации со консултантот и ЕБОР и добивање на одобрение од страна на ЕБОР, на 31.03.2023 година потпишан е Амандман бр. 2 на Договорот за набавка, инсталација и пуштање во работа на АТМ систем вклучувајќи и техничко-оперативна зграда за истиот со кој се исклучува делот на градежните активности за изградба на АТМ зградата како и CWP конзолите од договорот во вкупен износ од 1.998.872,50 еур. Новиот АТМ систем ќе се смести и инсталира во адаптирана техничка просторија во постоечката зграда на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, претходно планирана од страна на Управниот одбор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје како back-up решение. Во врска со горенаведената состојба за реализација на АТМ зградата проследена е Информација до Владата на Република Северна Македонија.

- Договорот за набавка, инсталација и пуштање во работа на нов MODE-S радар се склучи на 02.12.2022 година и неговата реализација се одвива во согласност со предвидените рокови од Договорот. Во извештајниот период со добавувачот на радарскиот систем се одржаа повеќе координативни состаноци за усогласување на потребната документација и отпочнување со реализација на договорот, а нивни претставници ги посетија локациите и просториите каде треба да се инсталира системот.
- Реализацијата на Договорот за набавка, инсталација и пуштање во работа на VCS системот склучен на 20.05.2022 година се одвива согласно предвидените рамки од договорот, завршени се фазите на обука, FAT (Factory Acceptance Test), инсталација на опремата во техничката сала во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, додека во извештајниот период се одвиваше фазата на SAT (Site Acceptance Test).
- Во врска со реализацијата на Проектот за набавка, инсталација и пуштање во работа на VHF системот, во текот на септември 2022 година, спроведени се фазите на SAT и OAT - тестовите согласно кои се издадени сертификати со забелешка дека минорни активности поради недостапноста на Солунска глава ќе бидат извршени во текот на второто тримесечје од 2023 година, а се очекува во третото тримесечје да биде извршено и финалното плаќање по договорот.

• Во текот на првото тримесечје од 2023 година се продолжи со активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во регионалните и мултилатералните активности во рамки на работните групи на

Eurocontrol, ICAO, NATO и CANSO. Во ова тримесечје финализирани се активностите во врска со публикувањето на новиот LSSIP 2022 документ кој го прикажува прогресот во исполнувањето на зацртаните цели од European ATM Master Plan на сите релевантни чинители во воздухопловството во Република Северна Македонија, вклучувајќи го и „М-НАВ" А.Д. - Скопје. Исто така се реализираат активности во работата на Bluemed FAB, Gate One платформата, како и билатералните соработки со давателите на услуги за контрола на летање од сите соседни земји.

- „М-НАВ" А.Д. - Скопје во рамките на ова тримесечје, континуирано работи на усогласување со регулативата 373/2017 која ќе стапи на сила од март 2024 година. По истекот на важноста на Уверението за оспособеност за давање на услуги на воздухопловната навигација пред Агенцијата за цивилно воздухопловство, истото ќе се продолжи во 2024 година согласно барањата на регулативата 373/2017.
- Според статистиките на Централното биро за наплата (Central Route Charging Office - CRCO) на Eurocontrol за реализираните наплатни единици од прелетите во 2023 година, Република Северна Македонија во првото тримесечје од 2023 година бележи зголемување од 38,1% во однос на истиот период во 2022 година, односно 39,5% во однос на планиранот сообраќај за првото тримесечје од 2023 година.
- Во текот на првото тримесечје во 2023 година се опслужени вкупно 39.428 летови од кои 35.355 прелети и 4.073 полетувања и слетувања на аеродромите во Скопје и Охрид.
- Бројот на прелетите во воздушниот простор на РСМ во првото тримесечје од 2023 година е зголемен за 34,9%, додека бројот на операциите на аеродромите во Скопје и Охрид е зголемен за 36,7% во однос на истиот период од 2022 година.
- Табела од Централното Биро на Eurocontrol за реализирани наплатни единици од прелетите над Република Северна Македонија во периодот од 01.01 до 31.03.2023 година:

| Month | | 2023 Actual | 2023 Unit Rate Basis | 2022 Actual | 2021 Actual | 2020 Actual | 2019 Actual | % 2023 A / 2023 F | % 2023 A / 2022 A | % 2023 A / 2019 A |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (1) | (2) | (3) | (4) | (5) | (6) | (1)/(2) | (1)/(3) | (1)/(6) |
| 1 | January | **23,893** | *17,608* | 17,786 | 8,338 | 22,672 | 17,708 | 35.7% | 34.3% | 34.9% |
| 2 | February | **23,681** | *15,222* | 15,376 | 6,852 | 20,493 | 16,639 | 55.6% | 54.0% | 42.3% |
| 3 | March | **30,228** | *22,944* | 23,176 | 9,087 | 14,355 | 19,233 | 31.7% | 30.4% | 57.2% |
| 4 | April | | *31,997* | 32,321 | 9,845 | 3,678 | 28,427 | | | |
| 5 | May | | *42,774* | 43,206 | 12,454 | 4,181 | 40,456 | | | |
| 6 | June | | *48,559* | 49,050 | 21,943 | 5,417 | 45,978 | | | |
| 7 | July | | *52,460* | 52,991 | 38,450 | 17,682 | 50,551 | | | |
| 8 | August | | *50,048* | 50,553 | 45,991 | 25,368 | 50,618 | | | |
| 9 | September | | *44,974* | 45,428 | 40,390 | 21,879 | 45,339 | | | |
| 10 | October | | *42,363* | 42,792 | 40,568 | 19,010 | 37,975 | | | |
| 11 | November | | *23,087* | 23,320 | 21,639 | 9,596 | 20,607 | | | |
| 12 | December | | *22,865* | 23,096 | 19,771 | 9,849 | 21,469 | | | |
| **TOTAL** | | **77,802** | ***414,900*** | 419,094 | 275,328 | 174,181 | 395,000 | **39.5%** | **38.1%** | **45.2%** |

**Претседател на Управен одбор**
**Kryetar i Këshillit Drejtues**
**Fahrudin Hamidi**

# 2 Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за првото тримесечје од 2023 година

## 2.1 Анализа на планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за првото тримесечје од 2023 година

Како што може да се види од табелата 2.1 подолу, во првото тримесечје од 2023 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје реализира за 33,62% повеќе приходи во однос на планираните за извештајниот период и тоа:

- 37,18% повеќе реализирани приходи од прелети на воздухоплови;
- 22,40% повеќе реализирани приходи од терминалните услуги на воздухопловна навигација;
- 39,96% помалку реализирани останати приходи.




**Табела 2.1: Планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за првото тримесечје од 2023 година[1]**

| ***Вид на приходи*** | ***Планирани приходи 01.01 - 31.03.2023*** | ***Реализирани приходи 01.01 - 31.03.2023*** | ***индекс*** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ***Прелети на воздухоплови*** | 144.116.891,33 | 197.693.704,09 | 137,18 |
| | | | |
| ***Терминални услуги*** | 25.959.296,86 | 31.772.914,85 | 122,40 |
| | | | |
| ***Останати приходи*** | 3.000.000,00 | 1.801.334,60 | 60,04 |
| | | | |
| ***Вкупно приходи (МКД):*** | ***173.076.188,19*** | ***231.267.953,53*** | ***133,62*** |

Во првото тримесечје од 2023 година се забележува нормализирање на состојбата во авиосообраќајот и пораст на вкупниот број на летови во воздуѓниот простор на Република Северна Македонија во авиосообраќајот и пораст на вкупниот број на летови во воздушниот простор на Република

[1] Извор: Годишен финансиски план на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2023 година; Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.03.2023 година (со датум од 26.05.2023 година).

Северна Македонија. Нивото на сообраќајот веќе го надмина препандемиското ниво од 2019 година. Како резултат на кризата предизвикана од руската инвазија на Украина, со времетраење и интензитет сеуште непознат, се случува флуктуација на сообраќајот јужно кон земјите од регионов, што доведе до значителен пораст на авиосообраќајот за овој период од годината.

### *2.1.1 Графички приказ на планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за првото тримесечје од 2023 година*



## 2.2 Анализа на планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за првото тримесечје од 2023 година

**Табела 2.2: Планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за првото тримесечје од 2023 година[2]**

| *Вид на расходи* | *Планирани расходи 01.01-31.03.2023* | *Реализирани расходи 01.01-31.03.2023* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно трошоци за вработените*** | **215.781.000,00** | **201.362.248,00** | **93,32** |
| Бруто плати | 214.281.000,00 | 200.406.024,00 | 93,52 |
| Други трошоци за вработените | 1,500.000,00 | 956.224,00 | 63,75 |
| | | | |
| ***Вкупно материјални трошоци*** | **44.000.000,00** | **14.350.117,82** | **32,61** |
| Трошоци за суровини и материјали | 1.000.000,00 | 220.341,00 | 22,03 |
| Трошоци за резервни делови | 5.000.000,00 | 49.929,00 | 1,00 |
| Потрошена енергија | 22.500.000,00 | 3.980.755,00 | 17,69 |
| Транспортни услуги | 1.000.000,00 | 298.989,88 | 29,90 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 5.000.000,00 | 3.884.897,70 | 77,70 |
| Трошоци за одржување | 9.000.000,00 | 3.578.141,61 | 39,76 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 500.000,00 | 2.337.063,63 | 467,41 |
| | | | |
| ***Вкупно нематеријални трошоци*** | **18.749.390,00** | **23.394.360,46** | **124,77** |
| Закуп на канцелариски простор | 750.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| Останати услуги | 212.500,00 | 948.635,00 | 446,42 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 5.000.000,00 | 2.871.995,83 | 57,44 |
| Трошоци за репрезентација | 750.000,00 | 533.115,39 | 71,08 |
| Премии за осигурување | 500.000,00 | 2.915.611,01 | 583,12 |
| Членарини во меѓународни организации и друго | 406.250,00 | 565.101,04 | 139,10 |
| Останати нематеријални трошоци | 11.130.640,00 | 15.559.902,19 | 139,79 |
| | | | |
| ***Амортизација*** | **11.250.000,00** | **11.250.000,00** | **100,00** |
| | | | |
| ***Останати трошоци од работењето*** | **1.500.000,00** | **1.320.570,16** | **88,04** |
| | | | |
| ***Вкупно финансиски трошоци*** | **7.000.000,00** | **2.474.857,84** | **35,36** |
| Банкарски трошоци | 1.000.000,00 | 524.610,78 | 52,46 |
| Камати по банкарски кредити | 6.000.000,00 | 1.950.247,06 | 32,50 |
| ***Вкупно расходи (МКД):*** | ***298.280.390,00*** | ***254.152.154,28*** | ***85,21*** |

[2] Извор: Финансиски план за измена на Годишен финансиски план на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2023 година; Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.03.2023 година (со датум од 26.05.2023 година).

***2.2.1 Графички приказ на планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за првото тримесечје од 2023 година***




Како што може да се види од табелата 2.2 погоре, во првото тримесечје од 2023 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје реализира за 14,79% помалку расходи во однос на планираните за извештајниот период, при што:

- Ставката – дополнително утврдени трошоци од минати години, реализирани се повеќе средства од планираните заради вредносно усогласување на ставката за сомнителни и спорни побарувања во износ од 2.323.729,63 денари која се однесува на терминални услуги за 2022 година[3];
- Ставката - останати услуги[4], реализирани се повеќе средства од планираните во најголем дел заради потставката физичко обезбедување[5] во износ од 882.051,00 денари;
- Ставката – премии за осигурување, реализирани се повеќе средства од планираните заради потставката за осигурување од дејност во износ од 2.750.000,00 денари на квартално ниво, претходно планиран трошок за реализација во второто тримесечје;
- Ставката – членарини[6] во меѓународни организации, покажува зголемување во процентни поени во однос на планираните трошоци за оваа ставка во Финансискиот план на Друштвото, но вредносно зголемувањето е мало;
- Ставката – останати нематеријални трошоци, реализирани се повеќе средства од планираните во најголем дел заради целосно исплатен

[3] Овој износ се однесува на отпишани побарувања од Eurocontrol за терминални услуги за 2022 година во износ од 2.323.729,63 денари кој е пристигнат со задоцнување, односно по доставување на завршната сметка на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година и затоа се води на ставката за сомнителни и спорни побарувања.
[4] Тука влегуваат трошоците за регистрација на службени возила, огласи во весници за објавување на јавни набавки, како и трошоци за дератизација на просториите на Друштвото.
[5] По спроведена постапка согласно Годишниот план за јавни набавки за 2023 година, склучен е Договор со Агенција за обезбедување на имот и лица 2 СС ДООЕЛ Кичево.
[6] Оваа ставка во најголем дел се однесува на трошокот за членство на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје во CANSO (Civil Air Navigation Services Organization) на европско и светско ниво. Овој трошок е распределен на месечно ниво.

износ на име годишен надомест кон АЦВ за сертификација за 2023 година во износ од 10.179.642,00 денари, претходно планиран трошок за реализација во второто тримесечје;

- Амортизацијата е пресметана согласно сметководствената политика на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).

Како што може да се види од горенаведената табела, останатите реализирани трошоци на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во првото тримесечје од 2023 година се во рамките на вкупно планираните, иако кај некои се забележува значително отстапување од планираното.

Согласно горенаведената анализа, во првото тримесечје од 2023 година реализирани се поголеми расходи од приходи (сметководствена загуба) во износ од 22.884.200,75 денари.

# 3 Анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за првото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година

## 3.1 Анализа на реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за првото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година

Како што може да се види од Табелата 3.1 подолу, реализираните вкупни приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје во првото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година се зголемени за 29,83% и тоа: приходите од прелети се зголемени за 27,83%, приходите од терминални услуги бележат зголемување од 43,75%, додека останатите приходи бележат зголемување од 31,09%.




Реализираните приходи во првото тримесечје од 2023 година во однос на истиот период од 2022 година беа значително зголемени за повеќе процентни поени како резултат на зголемениот обем на воздушен сообраќај. Тоа се должи на нормализацијата на воздушниот сообраќај после

катастрофалното влијание на Covid-19 кризата, како и воениот конфликт и затворањето на воздушниот простор над Украина кое што предизвика флуктуација на украинскиот сообраќај кон југо-исток од Украина и довед до неочекуван значителен пораст на авиосообраќајот кај земјите од регионов.

**Табела 3.1: Реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за првото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година**[7]

| *Вид на приходи* | *Реализирани приходи 01.01 - 31.03.2023* | *Реализирани приходи 01.01 - 31.03.2022* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ***Прелети на воздухоплови*** | 197.693.704,09 | 154.649.285,59 | 127,83 |
| | | | |
| ***Терминални услуги*** | 31.772.914,85 | 22.102.162,74 | 143,75 |
| | | | |
| ***Останати приходи*** | 1.801.334,40 | 1.374.170,59 | 131,09 |
| | | | |
| ***Вкупно приходи (МКД):*** | ***231.267.953,53*** | ***178.125.618,92*** | ***129,83*** |

### *3.1.1 Графички приказ на реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за првото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година*




[7] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.03.2023 година (со датум од 26.05.2023 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јануари – март 2022 година.

## 3.2 Анализа на реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за првото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година

**Табела 3.2: Реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за првото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година[8]**

| *Вид на расходи* | *Реализирани расходи 01.01-31.03.2023* | *Реализирани расходи 01.01-31.03.2022* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно трошоци за вработените*** | **201.362.248,00** | **182.079.135,00** | **110,59** |
| Бруто плати | 200.406.024,00 | 180.919.483,00 | 110,77 |
| Други трошоци за вработените | 956.224,00 | 1.159.652,00 | 82,46 |
| | | | |
| ***Вкупно материјални трошоци*** | **14.350.117,82** | **12.729.697,08** | **112,73** |
| Трошоци за суровини и материјали | 220.341,00 | 78.750,00 | 279,80 |
| Трошоци за резервни делови | 49.929,00 | 16.851,00 | 296,30 |
| Потрошена енергија | 3.980.755,00 | 4.743.763,00 | 83,92 |
| Транспортни услуги | 298.989,88 | 264.432,40 | 113,07 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 3.884.897,70 | 3.789.327,68 | 102,52 |
| Трошоци за одржување | 3.578.141,61 | 1.424.107,00 | 251,26 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 2.337.063,63 | 2.412.466,00 | 96,87 |
| | | | |
| ***Вкупно нематеријални трошоци*** | **23.394.360,46** | **16.856.386,56** | **138,79** |
| Закуп на канцелариски простор | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Останати услуги | 948.635,00 | 60.197,00 | 1.575,88 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 2.871.995,83 | 1.522.347,11 | 188,66 |
| Трошоци за репрезентација | 533.115,39 | 528.875,27 | 100,80 |
| Премии за осигурување | 2.915.611,01 | 388.121,00 | 751,21 |
| Членарини во меѓународни организации и друго | 565.101,04 | 963.790,04 | 58,63 |
| Останати нематеријални трошоци | 15.559.902,19 | 13.393.056,14 | 116,18 |
| | | | |
| ***Амортизација*** | **11.250.000,00** | **11.250.000,00** | **100,00** |
| | | | |
| ***Останати трошоци од работењето*** | **1.320.570,16** | **0,00** | **0,00** |
| | | | |
| ***Вкупно финансиски трошоци*** | **2.474.857,84** | **5.405.088,45** | **45,79** |
| Банкарски трошоци | 524.610,78 | 203.732,87 | 257,50 |
| Камати по банкарски кредити | 1.950.247,06 | 5.201.355,58 | 37,49 |
| ***Вкупно расходи (МКД):*** | ***254.152.154,28*** | ***228.320.307,09*** | ***111,31*** |

[8] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.03.2023 година (со датум од 26.05.2023 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јануари-март 2022 година.

### 3.2.1 *Графички приказ на реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за првото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година*




Како што може да се види од Табелата 3.2 погоре, реализираните вкупни трошоци на Друштвото во првото тримесечје од 2023 година се зголемени за 11,31% во споредба со истиот период од 2022 година, при што:

- Ставката - бруто плати за вработените е зголемена во однос на 2022 година пред се заради фактот што во месец јануари и февруари 2022 година сеуште беа на сила антикризните мерки за надминување на лошата финансиска состојба на Друштвото, предизвикана со пандемијата од Covid-19, односно бруто платите на вработените беа намалени за 10%. Дополнително, ставката за бруто плати за вработените е во согласност со планираните трошоци за 2023 година;
- Ставката – други трошоци за вработените во која влегуваат трошоци за јубилејни награди за вработените, исплата на помош за смрт на член во семејство, помош на вработени, надомест за одвоен живот, задолжителни лекарски прегледи на контролорите, трошоци за испити, како и останати надоместоци за вработените, што се исплаќаат согласно Колективниот договор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, се намалени во однос на 2022 година и детално прикажани подолу:

**Табела 3.3: Реализирани други трошоци за вработените на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за првото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година**[9]

| ***Други трошоци за вработените*** | ***01.01-31.03.2023*** | ***01.01-31.03.2022*** |
|---|---|---|
| | | |
| Помош за смрт на член од семејство | 0,00 | 446.335,00 |
| Помош на вработени | 368.538,00 | 198.775,00 |
| Задолжителни лекарски прегледи на контролори | 452.572,00 | 311.824,00 |
| Трошоци за испити | 58.952,00 | 201.492,00 |
| Останати надоместоци за вработени | 2.607,00 | 1.226,00 |
| Трошоци за превоз на вработени надвор од Скопје | 73.555,00 | 0,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***956.224,00*** | ***1.159.652,00*** |

- Следните ставки:
- трошоци за суровини и материјали,
- потрошени резервни делови,
- трошоци за транспортни услуги и
- трошоци за поштенски, телефонски услуги и интернет

покажуваат зголемување во процентни поени во однос на 2022 година, но вредносно зголемувањето е мало, при што истите се во согласност со планираните трошоци за 2023 година;

- Ставката – трошоци за одржување е зголемена во однос на 2022 година како резултат на повеќе потрошени средства за тековно одржување на опремата во најголем износ од 1.476.000,00 денари за испорака, демонтажа на стари и монтажа на нови акумулаторски батерии, останати трошоци со помали износи, а исто така и одржување на хигиена и моторни возила;
- Ставката – останати услуги во 2023 се зголемени во однос на 2022 година и детално прикажани подолу:

**Табела 3.4: Реализирани останати услуги на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за првото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година**[10]

| ***Останати услуги*** | ***01.01-31.03.2023*** | ***01.01-31.03.2022*** |
|---|---|---|
| | | |
| Регистрација на возила | 0,00 | 0,00 |
| Огласи во дневни весници | 66.584,00 | 60.197,00 |
| Услуга за физичко обезбедување | 882.051,00 | 0,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***948.635,00*** | ***60.197,00*** |

[9] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.03.2023 година (со датум од 26.05.2023 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јануари-март 2022 година.

[10] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.03.2023 година (со датум од 26.05.2023 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јануари-март 2022 година.

- Ставката – дневници за службен пат и патни трошоци се зголемени во однос на 2022 година во најголем дел за трошоците за ноќевање и дневници за службени патувања во странство, како резултат на интензивирани инвестициони активности, но истите се во рамки на планираните трошоци за 2022 година. Како резултат на сите ограничувања за патувања што беа донесени во 2021 година, заради пандемијата со Covid-19, службените патувања во странство и во првото тримесечје од 2022 година беа сведени на минимум;
- Ставката – премии за осигурување се зголемени во однос на 2022 година заради реализација на потставката за осигурување од дејност во износ од 2.750.000,00 денари на квартално ниво;
- Ставката - останати нематеријални трошоци во 2023 година се зголемени во однос на 2022 година и детално прикажани подолу:

**Табела 3.4: Реализирани останати нематеријални трошоци на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за првото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година[11]**

| *Останати нематеријални трошоци* | *01.01-31.03.2023* | *01.01-31.03.2022* |
|---|---|---|
| | | |
| **Наемнина за недвижности** | **735.003,00** | **16.037,00** |
| - Закуп за антена на Црн Врв | 16.022,00 | 16.037,00 |
| - Закуп на деловен простор[12] | 718.981,00 | 0,00 |
| Надомест надзорен одбор | 71.110,00 | 89.999,00 |
| Авторски хонорари[13] | 287.247,00 | 83.502,00 |
| Консултантски услуги[14] | 0,00 | 1.860.782,89 |
| Услуги за вештачење[15] | 10.000,00 | 0,00 |
| **Семинари и советувања** | ***979.003,02*** | ***18.500,00*** |
| - рефреш курсеви за КЛ | 913.103,02 | 0,00 |
| - Останати курсеви и обуки за вработените | 65.900,00 | 18.500,00 |
| Адвокатски услуги[16] | 159.328,00 | 131.663,00 |
| Одржување на софтвер | 26.040,00 | 22.506,00 |
| **Останати интелектуални услуги** | ***2.571.808,93*** | ***896.305,25*** |
| - Геодетско мерење[17] | 2.250.000,00 | 55.000,00 |
| - Трошоци за провизија на Eurocontrol[18] | 231.356,25 | 231.356,25 |
| - Агенција за катастар[19] | 35.100,00 | 0,00 |
| - Превод на документи | 28.100,00 | 10.665,00 |
| - Годишна претплата за финансиски списанија | 11.000,00 | 0,00 |
| - Електронска база на податоци | 11.884,00 | 20.994,00 |
| - Годишен надомест од Македонска берза[20] | 4.130,00 | 4.130,00 |

[11] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.03.2023 година (со датум од 26.05.2023 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јануари-март 2022 година.
[12] Согласно Договор со ТАВ Македонија за изнајмување на деловен простор на Меѓународниот аеродром Скопје, согласно Договор за изнајмување на деловен простор – објект Малага во Центар, Скопје, како и согласно Договор со фирма Контего за закуп на простории за чување на документи.
[13] Согласно Договори за дело на 3 вработени во 2023 година за сите 3 месеци, а 3 вработени во 2022 година само за еден месец.
[14] Согласно Договорот за консултатитвни услуги со ЕГИС АВИА.
[15] Кон Биро за судски вештачења.
[16] Согласно Договори со Адвокат Мефаиљ Арслани и Адвокат Васил Димишков, додека во 2022 година имаше склучено договори со Адвокат Мефаиљ Арслани, адвокат Зекир Зекири и адвокат Албин Беџети.
[17] Согласно Договор со ГЕОФОТО-ЗЕНИТ Скопје за геодетско мерење на препреки и навигациони средства.
[18] По Договор за вршење на услуги за наплата на АТС услуги од авиокомпании.
[19] Изработка на карта во векторска форма.

| | | |
|---|---|---|
| - Регистрација и обнова на домеин<br>- Брокерски услуги[21]<br>- Изработка на геодетски елаборат<br>- Изработка на градежно-техничка документација | 238,68<br>0,00<br>0,00<br>0,00 | 0,00<br>500.000,00<br>60.000,00<br>14.160,00 |
| Стручни списанија и весници[22] | 16.985,00 | 7.946,00 |
| Трошоци за сертификација и лиценци од АЦВ[23] | 10.285.109,00 | 10.212.290,00 |
| **Други нематеријални трошоци**<br><br>- Архивирање на документи[24]<br>- Други нематеријални трошоци[25]<br>- Обнова на токен<br>- Надоместок од Централен Регистар<br>- Изработка на идентификациони картички[26] | ***418.268,24***<br><br>405.045,00<br>6.407,00<br>3.432,24<br>2.443,00<br>941,00 | ***53.525,00***<br><br>40.038,00<br>4.770,00<br>0,00<br>2.443,00<br>6.274,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***15.559.902,19*** | ***13.393.056,14*** |

- Ставката – останати трошоци од работењето е зголемена во однос на 2022 година како резултат на потставката за вредносно усогласување на побарувањата на Друштвото;
- Ставката – банкарски услуги и провизии за работење во земјата и странство е зголемена во однос на 2022 година како резултат на потставката за провизии за банкарски услуги во земјата во износ од 377.798,00 денари, како и потставката за негативни курсни разлики во износ од 132.299,78 денари.

[20] За објавување на финансиски извештаи на слободен пазар.
[21] Согласно Договор со СН Осигурителен брокер.
[22] Репрезент, Правник, Академик, Коха, Слободен печат.
[23] Овој износ во најголем дел ги опфаќа трошоците за сертификација за 2023 година кон АЦВ во износ од 10.179.642,00 денари, а остатокот се трошоци за лиценци.
[24] Согласно Договор со фирма Контего Скопје, додека во 2022 година Согласно Договор со фирма INBOX Скопје.
[25] Фотокопирање на документи, изработка на визит карти и сл.
[26] Идентификациони картички за пристап на вработени од „М-НАВ“ А.Д. - Скопје на аеродромска писта и аеродромски простории, сопственост на ТАВ Македонија.

# 4 Информација за финансиското работење на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за првото тримесечје од 2023 година

„М-НАВ“ А.Д. - Скопје во периодот 01.01-31.03.2023 година своето работење го извршуваше со 305 вработени.

За пресметковниот период трошоците за амортизацијата се дадени пресметковно, во висина од ¼ од вкупно планираната амортизација за 2023 година.

На 31.03.2023 година на сметките на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје го има следното салдо:

| | |
|---|---|
| жиро сметка во Комерцијална банка | 23.596.863,00 денари |
| девизна сметка во Комерцијална банка | 4.123.888,73 ЕУР |

Според принципите на Eurocontrol фактурирањето на реализацијата за тековниот месец се врши во наредниот месец, а наплатата е во месецот што следи (на пр. реализираниот сообраќај за април се фактурира во мај, а наплатата на побарувањата од април пристигнува на сметката на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во јуни). Согласно овој принцип овие побарувања се со рочност од 30-60 дена.

Со состојба на 31.03.2023 година побарувањето од Eurocontrol (за прелети и терминални услуги) е во износ од 112.494.013,43 денари.